# Службен весник на Република Македонија

**Број 76** **21 јуни 2017, среда** **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1357. | **Одлука** за отповикување на Генералниот конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит........ | 2 |
| 1358. | **Одлука** за отповикување на Генералниот конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Комонвелт Австралија, со седиште во Мелбурн......................... | 3 |
| 1359. | **Одлука** за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација................................................ | 3 |
| 1360. | **Одлука** за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем.......................................... | 3 |
| 1361. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за правда............... | 4 |
| 1362. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за надворешни работи.................................................. | 4 |
| 1363. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за финансии.......... | 4 |
| 1364. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за економија.......... | 4 |
| 1365. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.......... | 4 |
| 1366. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за здравство.......... | 5 |
| 1367. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за образование и наука................................................. | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1368. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за труд и социјална политика...................................... | **5** |
| 1369. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за локална самоуправа................................................ | **5** |
| 1370. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за култура............. | **6** |
| 1371. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација........... | **6** |
| 1372. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за транспорт и врски.................................................. | **6** |
| 1373. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање................ | **6** |
| 1374. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за внатрешни работи............................. | **6** |
| 1375. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот просветен инспекторат... | **7** |
| 1376. | **Решение** за именување директор на Бирото за јавна безбедност.............. | **7** |
| 1377. | **Решение** за именување директор на Управата за безбедност и контраразузнавање.......................................... | **7** |
| 1378. | **Решение** за разрешување од должноста в.д.директор на Управата за јавни приходи................................... | **7** |
| 1379. | **Решение** за именување в.д. директор на Управата за јавни приходи.... | **7** |
| 1380. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Управата за безбедност и контраразузнавање........... | **7** |
| 1381. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за јавна безбедност........................................ | **7** |
| 1382. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа................. | **8** |
| 1383. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот просветен инспекторат..................... | **8** |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-8** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1357.**

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) и член 7, став 1, алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.6.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, СО СЕДИШТЕ ВО ДЕТРОИТ

Член 1

Се отповикува Елена Зарковска од должноста, Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит, сметано од 30.11.2017 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51/1
19 јуни 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1358.**

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) и член 7, став 1, алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОМОНВЕЛТ АВСТРАЛИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО МЕЛБУРН**

Член 1

Се отповикува Бети Коруновска од должноста, Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Комонвелт, Австралија, со седиште во Мелбурн, сметано од 14.7.2017 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 52/1
19 јуни 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1359.**

Врз основа на член 50 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС ЗАРАДИ ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со оваа одлука како градби од посебен интерес се утврдуваат градбите со основна класа на намена В4 – државни институции кои е потребно да се предвидат во рамки на КП бр. 743/1 и КП бр. 743/6, запишани во Имотен лист бр. 61539 за КО Прилеп, општина Прилеп, преку изработка на урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2077/1
19 јуни 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1360.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за следење на состојбите во пензискиот систем (во натамошниот текст: Совет), кој разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем.

Член 2

Советот се состои од претседател и осум члена, и тоа:

а) претседател

- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика.

б) членови:

- проф. д-р Драган Тевдовски, министер за финансии,
- проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија,
- Зорица Апостолска, министер без ресор задолжена за странски инвестиции,
- д-р Булент Дервиши, претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување,
- Шаип Зенели, директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
- Весна Стојановска, генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и
- Давор Вукадиновиќ, генерален директор на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје.

Член 3

Во работата на Советот може да учествуваат експерти за кои Советот ќе одлучи за потребно во врска со прашањата што се разгледуваат на Советот.

Член 4

Советот:

- разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем,
- следи имплементација на реформата на пензискиот систем,
- иницира мерки за подобрување на состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и за обезбедување на одржливост на пензискиот систем на долг рок.

Член 5

Советот донесува Деловник со кој се уредува начинот на неговата работа.

Член 6

Стручно- административните работи на Советот ги врши Министерството за труд и социјална политика.

Член 7

Советот за својата работа ја информира Владата на Република Македонија на секои три месеци, а по потреба и почесто.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2756/1 Заменик на претседателот
19 јуни 2017 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1361.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА**

1. На Илија Ристовски му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за правда, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2741/2 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1362.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

1. На Елена Кузмановска и се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за надворешни работи, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2742/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1363.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

1. На Игор Димитров му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за финансии, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2743/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1364.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

1. На Анета Димовска и се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за економија, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2744/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1365.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

1. На Бесир Јашари му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2745/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

__________

**1366.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

1. На Насуф Ипчја му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за здравство, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2746/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

__________

**1367.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

1. На Елизабета Тодоровска и се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за образование и наука, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2747/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

__________

**1368.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

1. На Енвер Хусејин му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2748/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

__________

**1369.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. На Билјана Цветановска-Гугоска и се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за локална самоуправа, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2749/1 Претседател на Владата
13 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1370.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА**

1. На Бехиџудин Шехаби му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за култура, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2750/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1371.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

1. На Јахи Јахија му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2751/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1372.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. На Божидар Петроски му се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за транспорт и врски, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2752/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1373.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), а во врска со член 104 став 1 и 104-а од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

1. На д-р Соња Лепиткова и се утврдува престанок на функцијата државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2753/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1374.**

Врз основа на член 43 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 и 190/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. За државен секретар во Министерството за внатрешни работи се именува м-р Магдалена Несторовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2655/2
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1375.**

Врз основа на член 5 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015 и 30/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, се именува Томе Спировски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2761/2
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1376.**

Врз основа на член 16 став 1 и 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

1. За директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи, се именува Лазо Велковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2762/2
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1377.**

Врз основа на член 24 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 и 190/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**

1. За директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи, се именува Горан Николовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2763/2
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1378.**

Врз основа на член 10 став 5 алинеја 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 61/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. Анастасија Илиеска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2798/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1379.**

Врз основа на член 10 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 61/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. За вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Сања Лукаревска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2799/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1380.**

Врз основа на член 24 став 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 и 190/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**

1. Владимир Атанасовски се разрешува од должноста директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2800/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1381.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

1. Митко Чавков се разрешува од должноста директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2801/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1382.**

Врз основа на член 12 став 1 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 187/2013 и 43/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. Ванчо Шехтански се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2802/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1383.**

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015 и 30/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Надица Николоска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2803/1
16 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2017076